Q. 12
26.08. 9

Врз основа на член 72 и член 73 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/2008), Одборот за акредитација на 19-та седница одржана на 26.08.2009 година донесе

РЕШЕНИЕ

со кое го прифати Проектот за Дисперзија на Меѓународниот Славјански институт„Гаврило Романович Државин"во СветиНиколе за студиските програми по Менаџмент на организација, Финансии и кредит и Општа психологија во Битола

1. Се прифаќа и акредитира проектот за дисперзија на студиските програми на Меѓународниот Славјански институт „Гаврило Романович Државин" во Свети Николе за дисперзирана настава во Битола.
2. Проектот од точка 1 ги исполнува условите согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење високообразовна дејност.
3. Се акредитираат студиските програми за додипломски студии по: Менаџмент на организација, Финансии и кредит и Општа психологија.
4. Седиштето на дисперзираните студиски програми е во Битола.
5. Меѓународниот Славјански институт „Гаврило Романович Државин" во Свети Николе е должен наставата да ја изведува идентично со акредитираните студиски програми.
6. Условите под кои ќе се изврши уписот на студентите, да бидат соодветни на условите и постапката за подготовка и објавување на конкурс за упис на студентите на високообразовните установи согласно Законот за високото образование.

7. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

По поднесеното барање на Меѓународниот Славјански институт „Гаврило Романович Державин" во Свети Николе за акредитација на Проектот за дисперзија на Меѓународниот Славјански институт „Гаврило Романович Державин" во Битола, Одборот за акредитација на високото образование на својата 17-та седница одржана на 25.06.2009 година формира експертска комисија и подготви експертски извештај кој го достави до Одборот за акредитација.

Одборот за акредитација на високото образование на својата 19-та седница одржана на 26.08.2009 година расправаше по барањето на Меѓународниот Славјански институт „Гаврило Романович Державин" во Свети Николе и по разгледување на доставениот елаборат, приложената документација и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**ОДБОРОТ ЗА АРЕДИТАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ,**

**Проф. Михаил Петковски**